**ОПШТИНА ВЕЛЕС**
**MUNICIPALITY OF VELES**

Република Северна Македонија
Општина Велес
Број: 26-3277/2
08.07.2025 година

Врз основа на член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија" бр.101/19) а во врска со член 88 од Законот за општа управна постапка(Сл.весник на РМ бр.124/15), имателот на информации Општина Велес, постапувајќи по барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер бр.26-3277/1 од 17.06.2025 година, поднесено од барател[redacted] од Велес, го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

I. Барањето со бр.26-3277/1 од 17.06.2025 година, поднесено од барателот Бошко Велковски од Велес, со кое се бара информации од јавен карактер, во електронска форма на меил, **СЕ УСВОЈУВА.**

## Образложение

Барателот [redacted] од Велес поднесе барање за слободен пристап до информации од јавен карактер со бр.26-3277/1 од 17.06.2025 година, со кое побара информации од јавен карактер за постапки поведени по поднесени две пријави/ иницијативи за поведување на инспекциска постапка за бесправно извршување на градежни работи на ул.„Борис Карпузов"бр.7 во Велес, дел од нив на јавна површина, на 18 Март 2025 и 25 Април 2025, до Одделението за инспекциски надзор (Градежна испекција) при Општина Велес.

Во барањето за информации од јавен карактер се поставени прашања во врска со горенаведените постапки, и тоа:

„Ве молам за објаснување какво значење има исказот „постапката е во тек"? Кои се следни фази во процесот согласно Законот за градење?
- Дали има временска рамка за целосно завршување на постапката и донесување на конечна одлука? Доколку има, кој е временскиот рок за ова?
- Дали може да добијам копија од конечната одлука (решение) со извршен карактер?
- Во случај да има донесено ОДЛУКА / РЕШЕНИЕ, дали има законски рок до кога треба да се отстрани бесправно изградениот објект? Што доколку се одбива истиот да биде отстранет?

Општина Велес / Municipality of Veles
Street: „Panko Brashnar" No. 1
1400 Veles, North Macedonia
Tel/fax: ++389 43 232 966
e-mail: opve@veles.gov.mk
www.veles.gov.mk

- Дали имам право на жалба во случај да не се согласувам со содржината на донесената одлука? Кој би бил процесот во тој случај?
- Колку бесправно изградени објекти од страна на приватни лица се остранети од страна на Општина Велес во 2024 и 2025?

Службените лица за посредување со информации од јавен карактер кај имателот на информации Општина Велес, постапија по горенаведеното барање за добивање на информација од јавен карактер, во законски определениот рок согласно член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија" бр.101/19), констатираа дека барањето се однесува на информации од јавен карактер, и се обратија до овластен градежен инспектор при Општина Велес да одговори на овие прашања.

Од страна на овластен градежен инспектор при Општина Велес до овластените службени лица на Општина Велес е даден одговор во врска со доставеното барање и поставените прашања дека одговорите на истите се комплексна материја, односно постапките во инспекцискиот надзор, донесувањето на инспекциски акти и мерки се пропишани во соодветни закони. Истите зависат од превземањето на дејствија од страна на субјетките на надзор, овластените инспектори и постапувањето на повисоките органи кои одлучуваат по искористено правно средство од страна на субјектот на надзорот.

Во конкретниот случај не известува дека постапката е во тек поради продолжување на истата во второстепена комисија.

Согласно горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука:** Против ова Решение незадоволната странка може да поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од 15 дена од приемот на Решението.

За Општина Велес службени лица за посредување
со информации од јавен карактер

Марија Цилакова
Даниела Саздова
Фросина Маџарова

Доставено до
-барателот;
-списи и архива.



*Општина Велес / Municipality of Veles*
*Street: „Panko Brashnar" No. 1*
*1400 Veles, North Macedonia*
*Tel/fax: ++389 43 232 966*
*e-mail: opve@veles.gov.mk*
*www.veles.gov.mk*